Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, член 18 став 1 алинеја 22 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 19 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а во врска со член 76-в став 1 и член 75-ѓ ставови 1 и 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 42/20), согласно Заклучокот бр. 02-4220/2 од 17.11.2020 година, Советот на Агенцијата на својата 41 седница одржана на 17.11.2020 година, донесе

**УПАТСТВО ЗА ПЛАТЕНОТО ПОЛИТИЧКО РЕКЛАМИРАЊЕ**

**ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2020**

1. Со ова Упатство се утврдува начинот на примена на член 75-ѓ ставови 1 и 2 од Изборниот законик за Предвремените избори за градоначалник на Општина Пласница и Општина Штип (Предвремени локални избори 2020), а со цел обезбедување прецизни правила за дозволеното времетраење на платеното политичко рекламирање на реален час емитувана програма.

2. Во согласност со распределбата на времето за платено политичко рекламирање утврдена во член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а имајќи го предвид фактот дека на Предвремените локални избори 2020 не учествуваат кандидати од двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија освоиле најмногу гласови:

   - радиодифузерите може да емитуваат најмногу пет (5) минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма, исклучиво наменети за платено политичко рекламирање;
   - од кои, за кандидатите од двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија освоиле најмногу гласови, можат да одвојат најмногу четири (4) минути, а за останатите кандидати за градоначалници вкупно една (1) минута;
   - од вкупно четирите (4) минути за кандидатите од двете најголеми политички партии од позицијата, може да одвојат најмногу по две (2) минути за кандидатот за градоначалник од СДСМ и за кандидатот за градоначалник од ДУИ.

3. Бидејќи неколку потврдени кандидати за градоначалници ќе го користат времето од вкупно една (1) минута за платено политичко рекламирање на реален час, радиодифузерите треба да вложат напори да им обезбедат еднакви услови за закуп на време.

4. Секој од кандидатите што ќе го користат времето од вкупно една (1) минута, може да ја закупи и целата минута, но само во реалните часови во кои ќе нема заинтересираност за закуп на време од другите кандидати за градоначалници.

5. Во согласност со член 75-ѓ став 2 од Изборниот законик, радиодифузерите може да понудат закуп на време за платено политичко рекламирање во два последователни реални часа во континуитет (на преод од еден во друг реален час), но притоа се должни да обезбедат дека спојувањето на рекламирањето, два пати по ред, нема да биде за ист кандидат за градоначалник.

6. Ова Упатство влегува во сила со денот на донесување, и ќе биде објавено на веб сајтот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Бр. 01-4235/1**

**17.11.2020 година**

**Скопје**